**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕФРОЛОГИЈА**
**Ул.Водњанска 17, 1000 Скопје**
**Тел. 00 389 (2) 3223 448/ факс. 00 389 (0) 23119188**

01-541/2
02.06.2025

# ИЗЈАВА ЗА МИСИЈА И ВИЗИЈА НА ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕФРОЛОГИЈА – СКОПЈЕ

Во ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија се спроведува специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита и здравствена дејност на терциерно ниво од областа на нефрологија, се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно истражувачка дејност.

Универзитетската клиника врши здравствени услуги кои бараат стручен, организациски и технолошки сложен и мултидисциплинарен здравствен третман од специјалноста по нефрологија, изградува и спроведува стручно-медицински доктринарни критериуми во својата област и укажува стручно-методолошка помош на здравствените установи од областа на нефрологијата, како и обезбедување со лекови на болничко третираните пациенти.

Универзитетската клиника образовната и научно истражувачката дејност ја врши на начин на кој се обезбедува функционална целина на здравствената, образовната и научно истражувачката дејност и согласно потребите на медицинскиот факултет спроведува студиски програми.

Се бави со базични и клинични истражувања од нефролошката област, ги следи и имплементира кај нас новите достигнувања од Европа и светот.

Универзитетската клиника е одговорна за едукација на кадри во додипломски и постдипломски студии од медицинската област по нефрологија, специјализации и супспецијализации како и постојана едукација на сестри и доктори од центрите за хемодијализа.

- **Визија** на ЈЗУ Универзитетската клиника за нефрологија е обезбедување на врвна квалитетна нега и грижа за секој пациент со бубрежно заболување во Република Северна Македонија. Универзитетската клиника ќе биде препознаена како регионален лидер за едукација, истражувања и третман на бубрежните болести, особено за трансплантација на бубрег.

- **Мисија** на ЈЗУ Универзитетската клиника за нефрологија е обезбедување на постојан напредок во превенцијата, навремената дијагностика и третман на бубрежните заболувања. Таа промовира едукација и истражувања како основа за врвна стучна грижа за бубрежните болни. Експертскиот тим од универзитетски професори, специјалисти интернисти, специјалисти нефролози и супспецијалисти нефролози стремат кон континуиран развој во програмата за хемодијализа, перитонеална дијализа, трансплантација на бубрег и нејзина објективна достапност за секој наш пациент.

- **Улога и одговорност на здравствената установа**

- **Свест за квалитет**, фокусирањето на **очекувањата и задоволството** на нашите пациенти е наш приоритет;

- **Достоинството и интегритетот** на пациентот се третира со почит и внимание;

- Ние го **цениме и мотивираме** нашиот персонал со поддршка за посета на обуки за професионален развој;

- Постојано следење на најновите **научно - технолошки достигнувања**, со цел да се постигне повисоко ниво на третман на пациентите;

- Со цел да се обезбеди **сигурна и удобна околина** за нашите пациенти и вработени, ние постојано ја **подобруваме животната и работната средина**;

- Почитување на **законските прописи;**

- **Донесување на Одлуки** земајќи ги во предвид прашањата поврзани со квалитет на здравствената заштита, безбедност на пациентите и персоналот и **постојано подобрување на Системот за менаџмент со квалитет.**

- **Пациентот е клучен фактор** во креирање на здравствената политика на Универзитетската клиника.

➢ **Вид и обем на услуги кои се пружаат**

На Универзитетската клиника се пружаат следниве здравствени услуги во дневна болница, болничка и специјалистичко консултативна здравствена заштита, со тенденција на нивно надополнување со нови современи процедури и методи.

| **Шифра на пакетот** | **Пакети на завршени епизоди на лекување во специјалистичко косултативна ЗЗ** |
|---|---|
| **1** | **2** |
| АСК1 | Основен специјалистички пакет |
| АСК2 | Основен специјалистички пакет со контрола |
| АСК5 | Контролен пакет со дијагностичка процедура |
| АСК8 | Пакет со давање блок/мед.тер./инхал/ув зрачење и дренажа |
| АСК16 | Писмено стручно мислење (конзилијарно мислење) |
| АИМ3 | Холтер на крвен притисок за 24 часовно |
| АИМ9 | Доплер на венски крвни садови |
| АИМ19 | ЕХО на органи во абдомен и/или граден кош |
| АИМ26 | Интервентна сонографска пункција на простата / пункциона, аспирациона и кор биопсија на дојка и меки ткива водена под ЕХО |
| АИМ28 | ЕХО на еден орган |
| АОХМ5 | Амбулантска мала хирургија во траење до 30 мин |
| АОХМ13 | Пакет од три до пет преврски |
| КПД | Континуирана амбулаторна перитонеална дијализа (КПД)- месечно |
| АПД | Автоматизирана перитонеална дијализа (АПД) - месечно |
| КБТ | Континуирана заместителна бубрежна терапија |
| ПЛФ | Плазмофереза |
| ПВК | Поставување на привремен централен венски катетер како пристап за ХД |
| ХД | Хемодијализен третман кај хронична инсуфициенција |
| ХПА | Хемоперфузија |

| Ред.Број | Шифра на ДСГ услуга | Пакети на завршена епизода на лекување во болничка ЗЗ |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1 | 901Z | Екстензивна процедура во операциона сала неповрзана со главната дијагноза |
| 2 | A42Z | Серолошка обработка на донорот на органи/ткива |
| 3 | F67A | Хипертензија со КК |
| 4 | I66B | Воспалителни мускулоскелетни пореметувања без катастрофални или тешки КК |
| 5 | I66A | Воспалителни мускулоскелетни пореметувања со катастрофални или тешки КК |
| 6 | I72B | Специфични мускуло-тетивни пореметувања, возраст <80 без катастрофални или тешки КК |
| 7 | L02B | Оперативно поставување на перитонален катетер за дијализа без катастрофални или тешки КК |
| 8 | L04A | Големи процедури на бубрези, уретер и мочен меур поради не-неопластични болести со катастрофални или тешки КК |
| 9 | L04B | Големи процедури на бубрези, уретер и мочен меур поради не-неопластични болести со тешки или умерени КК |
| 10 | LO4C | Големи процедури на бубрези,уретер и мочен меур поради ненеопластични болести без КК |
| 11 | L09A | Други процедури поради пореметувања на бубрези и уринарен тракт со катастрофални КК |
| 12 | L09B | Други процедури поради пореметувања на бубрези и уринарен тракт со тешки КК |
| 13 | L09C | Други процедури поради пореметувања на бубрези и уринарен тракт без катастрофални или тешки КК |
| 14 | L60A | Бубрежна слабост со катастрофални КК |
| 15 | L60B | Бубрежна слабост со тешки КК |
| 16 | L60C | Бубрежна слабост без катастрофални или тешки КК |
| 17 | L63B | Инфекции на бубрезите и уринарниот тракт, возраст >69 или со тешки КК |
| 18 | L63C | Инфекции на бубрезите и уринарниот тракт, возраст <70 без катастрофални или тешки КК |
| 19 | L64Z | Уринарни камења и опструкции |
| 20 | L67A | Други дијагнози на бубрезите и уринарниот тракт со катастрофални КК |
| 21 | L67B | Други дијагнози на бубрезите и уринарниот тракт со тешки КК |
| 22 | L67C | Други дијагнози на бубрезите и уринарниот тракт без катастрофални или тешки КК |
| 23 | T60A | Септикемија со катастрофални или тешки КК |
| 24 | T60B | Септикемија без катастрофални или тешки КК |

| | | |
|---|---|---|
| 25 | **Z01A** | **Процедури во операциона сала со дијагнози на други контакти со здравствени услуги со катастрофални/тешки КК** |
| 26 | **Z64A** | **Др. фактор. кои влиј. на здр.состојба** |
| **27** | **Z64B** | **Др. фактор. кои влиј. на здр.состојба** |
| 28 | **M64Z** | **Други дијагнози на машкиот репродуктивен систем** |
| 29 | **M60B** | **Малигна болест на машкиот репродуктивен систем без катастрофални или тешки КК** |
| 30 | **M61B** | **Бенигна хипертрофија на простата без катастрофални или тешки КК** |

| **Р.бр** | **Шифра на пакет** | **Пакети на завршени епизоди на лекување во дневна болница** |
|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** |
| 1 | ДБ04 | Дневна болница за апликација на медикаментозна терапија под 4 часа |
| 2 | ДБ05 | Дневна болница за административно прикажување на издадена терапија за домашни услови |
| 3 | ТР5 | Плазма богата со тромбоцити(мл) |
| 4 | ТР6 | Деплазмирани еритроцити(мл) |

Универзитетската клиника во рамките на дејноста што ја врши во мрежата, укажува здравствени услуги на осигурани лица согласно прописите од Законот за здравственото осигурување и Законот за здравствената заштита и на пациенти кои здравствените услуги ги плаќаат со сопствени средства доколку ги исполнуваат условите утврдени со Законот за здравствената заштита.

- **Ограничувања во смисла на пружање на услугите:**

- Ограничен буџет
- Ограничена можност за набавка на сеопфатна софистицирана медицинска опрема
- Ограничена можност за воведување на скапи процедури на лекување: имуноадсорпција, албуминска дијализа и др.

- **Статус на здравствената установа:**

Универзитетската клиника спроведува здравствена дејност на терцијарно ниво.

Претседате на Управен одбор
Науч.сор д-р Галина Северова Андреевска